# ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОМЕНА

ЈАНУАРИ-МАРТ 2025 // CIVICAMOBILITAS.MK

МАГАЗИН БР.20




Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

# ГРАЃАНИТЕ КОИ ЈА ПРЕЗЕМААТ ИНИЦИЈАТИВАТА ВО СВОИТЕ ЗАЕДНИЦИ, ЈА ГРАДАТ НАДЕЖТА ОДДОЛУ

Во овој број посветен на граѓанското учество, ги носиме приказните на оние кои не се помируваат со статус кво.

Од Битола до Скопје, низ конференции, обуки, маршеви и локални анализи, граѓанскиот сектор ја води својата и битката на оние кои ги застапува за поинклузивно, одговорно и одржливо општество. Студентската конференција „Дигитална слобода и родова еднаквост“ ја отвори темата за дигиталното родово-базирано насилство, а младите беа охрабрени да ги скинат синџирите на онлајн вознемирувањето и злоупотребата. Паралелно, во рамки на програмата „Менторки на иднината“, девојките ја зајакнуваат својата емоционална интелигенција и лидерски капацитети, градејќи мрежи на поддршка и соработка.

Најавено е и Европското дебатно првенство за средношколци, кое во 2026 ќе се одржи во Скопје, во организација на Младинскиот образовен форум (МОФ). Настан што се очекува да внесе свежа енергија во културата на аргументирана дебата и критичко размислување.

Граѓаните на 8 Март маршираа со порака: „Нека јадат ружи“, инсистирајќи дека борбата за родова еднаквост не е симболика, туку итна потреба. Истовремено, организации како Кризниот центар „Надеж“ и ЕСЕ ги истакнаа реалните предизвици: семејно насилство, доцнење на лекови за пациентите со ретки болести, отежнат пристап до гинеколошки услуги и недоволна поддршка за ранливите групи.

Зелените политики, пак, остануваат заковени на локално ниво – анализите покажуваат дека најголем дел од општините (72%) немаат воопшто или немаат ажурирани локални еколошки акциски планови. На глобалната агенда за климатска акција ѝ недостига локално спроведување.

Во сета оваа динамика, граѓанскиот сектор останува гласен чувар на јавниот интерес. Барањата за неселективна правда по трагични несреќи, транспарентност при јавните набавки, подобар пристап до информации и ефикасни здравствени програми, се повторуваат, додека истражувањата откриваат и недоверба на граѓаните во медиумите, придружена со ниска медиумска писменост.

Граѓанските организации организираа и обуки за одржлив туризам, а го одбележаа и Денот на извидништвото. Владата донесе решение за составот на новиот Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, а се одржа и првиот состанок на работната група за подготовка на новата Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор. Се надеваме дека ова е чекор кон посистемска поддршка на граѓанското општество.

Но клучната лекција е следнава: без активни граѓани нема одговорни институции. Без учество, нема промена. А промената се случува и ќе се случува таму каде што граѓаните не чекаат дозвола да се вклучат, туку го менуваат општеството со секој мал чекор, глас и иницијатива.

Пријатно читање!

Гонце Јаковлеска
Национален координатор на
Цивика мобилитас за ИКО

***Им благодариме на:*** Центарот за климатски промени (ЦКП), Центарот за граѓански комуникации (ЦГК), Организација на жените на општина Свети Николе (ОЖОСВН), Институтот за комуницкациски студии (ИКС), Еко Логик, ИО „Димитар Влахов“ Велес, Радио МОФ (Младински образовен форум), Македонија 2025, Мрежа Стела, Центарот за слобода – Цивил, Кризен центар „Надеж“, Хелсиншкиот комитет за човекови права (ХКЧП),Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ), „Живот со предизвици“, Рурална Коалиција, Платформата борба против корупцијата, Конект, Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата за поддршката и пристапот до информациите при подготовката на текстовите за овој број.

***Фото архива:*** Цивика мобилитас, Центар за климатски промени (ЦКП), Центар за граѓански комуникации (ЦГК), Организација на жените на општина Свети Николе (ОЖОСВН), Институт за комуницкациски студии (ИКС), Еко Логик, ИО „Димитар Влахов“ Велес, Радио МОФ (Младински образовен форум), Македонија 2025, Мрежа Стела, Кризен центар „Надеж“, Конект, Платформа „Оп-оп“, Хелсиншки комитет за човекови права (ХКЧП), Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ), Рурална Коалиција, Здружение Конект, општина Битола, Одделение за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата.



ТЕМА

# ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

# До каде се општините со спроведувањето на Зелената агенда?




Зелената агенда за Западен Балкан (ЗАЗБ) предвидува делување во неколку области и тоа: декарбонизација односно климатска акција, зелена енергија и одржлив транспорт, циркуларна економија, борба против загадувањето на водата, воздухот, и почвата, одржливо производство на храна и одржливи рурални средини и биодиверзитет односно заштита и обновување на природата и екосистемите. Иако барањата се однесуваат на регионално ниво, сепак за нивно постигнување неопходно е да работат државите на национално, односно локално ниво. За таа цел во рамките на проектот „Регионално партнерство за подобро спроведување на Зелена агенда на локално ниво", Центарот за климатски промени заедно со партнерите, направи анализа за тоа какви плански документи усвојуваат општините во Македонија и кои се плановите за нивно спроведување.

Локалниот еколошки акциски план (ЛЕАП) е документ кој е обврска за секоја општина, но само 17 (20%) од вкупно 81 општина во Македонија имаат изработено ЛЕАП, потоа 6 (9%) тврдат дека имаат, меѓутоа не е пронајден на нивните веб-страни, а дури 58 (72%) не поседуваат ЛЕАП или имаат но, со изминат рок. Само 24 општини односно 30% имаат важечки План или Програма за постапување со отпад, додека пак 20 (25%) тврдат дека имаат, но не е пронајден на веб-страниците, а 37 (46%) немаат План или Програма или имаат, но со изминат рок. Програмата за локален економски развој која е задолжителна, ја имаат подготвено 24 (30%) општини, додека 27 (33%) тврдат дека ја имаат меѓутоа е недостапна на нивните веб-страни. Вкупно 30 општини или (37%) немаат Програма или имаат со изминат рок.

Изработката на Стратегија за локален економски развој (ЛЕР) не е законска обврска, но е во согласност со целите на Зелената агенда за Западен Балкан, што овозможува локалните самоуправи да ја изработат на своја иницијатива. Само 36 (44%) општини имаат Стратегија, додека 12 (15%) тврдат дека имаат, но не е пронајдена на нивните веб-страници, а 33 (41%) ја немаат изработено или таа е со изминат рок. Општина Берово е единствената општина која има подготвено Пилот регионален план за унапредување на шумите во Малешевскиот регион, а тоа ги опфаќа Берово и Пехчево со акциски план за 2020-2025 година.

Анализата покажува дека многу мал процент од општините имаат плански документи со кои можат да планираат и да спроведуваат активности кои произлегуваат од барањата на Зелена Агенда. Ниту една од општините ги нема изработено сите плански документи кои се обврска согласно националното законодавство за животна средина и климатски промени. Ова укажува на фактот дека општините не планираат доволно активности за постигнување на барањата и подобрување на состојбите во животна средина, и истовремено и не ги приоретизираат овие прашања.

Во однос на транспарентноста, евидентно е дека веб-страниците на општините не се редовно ажурирани и има недостаток на транспарентност во објавувањето на важни информации за животната средина. Во таа насока, ЦКП упатува **препораки** до опшините.

За останатите плански документи кои (не) се усвоени од општините и за препораките може да прочитате во целосната **анализа** објавена од ЦКП.

# Предизвиците на лицата со ретки болести - Борба за лекови, услуги и права

Во февруари лицата со ретки болести гласно кажуваат што значи да си редок и да се бориш за потребните лекови. По повод Светскиот ден на ретките болести кој се одбележува на 28 февруари, Радио МОФ емитуваше разговор со Весна Алексовска од Здружението „Живот со предизвици". Како жена со ретка болест, таа ги опиша предизвиците со кои се соошуваатовие лица. Еден од нив се лековите.

„Веќе е февруари, а Министерството за здравство сé уште не е го објавило тендерот. Од друга страна, не ни знаеме што влегува во тој тендер за лекови. Можеме да се распрашуваме и некој да ни каже 'еј, да, ќе има нови лекови за X, или ќе нема', ама никој не знае се додека не го види тендерот", нагласува Алексовска.

Според неа, неопходен е подобар систем, кој ќе осигура дека новите пациенти ќе бидат во Регистарот и ќе добиваат лекови. „Сакаме да видиме систем во кој нема да доцнат лековите, пациентите ќе бидат згрижени, а кога ќе има нови лекови, тие ќе бидат набавени и пациентите ќе можат да ги добијат. Во соседните држави, кога има нов регистриран лек, пациентот може да го добие и за шест месеци. Што значи, пократок е рокот на чекање.




Кај нас се чека од тендер на тендер. Пример, ако го отворат тендерот сега во февруари 2025, а некој добие дијагноза во март, ќе треба да чека на другиот тендер во февруари 2026 година, кој веројатно ќе заврши во јуни 2026. Тоа значи година ипол чекање, време во кое болестите најчесто прогресираат, а некаде, за жал, се случува и смрт", нагласува претседателката на „Живот за предизвици", кое е дел и од Националната алијанса за ретки во болести на Р. Македонија.

Друг предизвик е патувањето до Скопје за контрола, тестови и слично, што ги прави лицата со ретки болести истоштени, физички и финансиски. Како решение, од здружението предлагаат тоа да не биде „децентрализиран, туку дисперзиран систем". Или во превод, да се дисперзира терапијата во болниците по градовите низ Македонија. „Најчесто одговорот што го добиваме од институциите е дека била проблем контролата врз тие скапи лекови'.

Од здружението „Живот со предизвици" се надеваат дека актуелниот министер ќе направи чекори Владата да ја усвои Стратегијата за ретки болести која е готова пред повеќе од 10 години. „Ако соодветно се води Регистарот за ретки болести, ќе се види дека не се во прашање 800 лица, туку, веројатно над 20.000 пациенти со различни ретки болести кои постојат во нашата држава, но дел од нив се во програмата, дел се по клиниките, сите се расфрлани, па конечната бројка никој не може да ја види", додава Алексовска.

**И општина Битола го одбележа Меѓународниот ден на ретките болести.**

**Во ОУ „Коле Канински" се одржа едукативна трибина на тема „Ретко е да си редок", со цел да ја подигне свеста кај учениците да станат посвесни и поемпатични кон децата кои се соочуваат со ретки болести.**

**На трибината, говореа д-р Маргарита Камбовска, педијатар, Симона Јовеска – лице со ретка болест и Николина Петроска, родител на дете со ретка болест.**

**Настанот по овој повод беше организиран и од гимназијата „Јосип Броз Тито", во соработка со Здруженијата „Живот со предизвици" и „Хепар центар" од Битола.**

**Градоначалникот на Битола кој учествуваше на двата настани истакна дека општината распишала Јавен повик за финансиска поддршка на лицата со ретки болести, за да ги покрие патни трошоци до болниците надвор од Битола.**

**Притоа нагласи дека „веќе трета година по ред се реализира активноста со која Општина Битола издвојува по еден милион денари за финансиска помош која веќе е системски вклучена во Програмата за социјална заштита на општината".**

**Во општина Битола се регистрирани околу 30 лица со ретки болести, а локалната самоуправа ќе продолжи активно да ги поддржува, преку конкретни мерки и преку поддршка на нивните иницијативи.**

# За две години, државните институции, набавиле возила за 8,5 милиони евра

Центарот за граѓански комуникации во март го објави **истражувањето за набавките на патнички возила на државните институции** во 2023 и 2024 година и отворената **база на податоци на договорите за јавните набавки на возилата**.

Истражувањето открива дека за само две години, државните институции набавиле нови 269 патнички возила за 8,5 милиони евра, дел купени, а дел изнајмени. Меѓу нив се и 45 владини возила, секое по 50 илјади евра, земени на лизинг за сегашните функционери, но и за поранешните премиери и претседатели.

Најскапо возило од 55 илјади евра набавила општината Шуто Оризари, додека општина Прилеп набавила па го раскинала договорот за возило во вредност од 63 илјади евра.

Најмногу возила набавиле Електрани на Северна Македонија (ЕСМ). За 82 возила потрошиле над 2 милиона евра. Просечната вредност на сите купени возила, според податоците од истражувањето, во последните две години е 31.760 евра.

Според истражувањето, омилен бренд на функционерите им е Шкода, од која се набавени 90 возила или секое трето возило.

Кога станува збор за фирмите со коишто склучувале договори, најголема вредност имаат две фирми, Порше лизинг и Аутомотив груп, секоја со остварени по околу







2,8 милиони евра за две години. Во оваа група на фирми, според вредноста на договорите за јавни набавки на возила, следат и Еуроимпекс (1.062.920 евра), Јосифов (653.203 евра) и Делукс-ауто (620.985 евра). Сите останати фирми имаат помали износи на склучени договори.

Просечниот број понуди од фирмите на тендерите за набавка на нови возила изнесувал 1,4 понуди. На дури 70 % од овие набавки имало само по една понуда.

Во истражувањето се опфатени само набавките на патнички возила во текот на 2023 и 2024 година, а не и комерцијалните (товарните, транспортните и техничките возила). Исто така, вклучени се само новите, а не и набавените половни возила.

Целото истражување и базата на податоци се објавени на следниот **линк**.

## Здруженијата бараат итно да се зголемени поддршката за превентивните програми за рана детекција и спречување на малигни заболувања

По повод Светскиот ден за борба против ракот, Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ) ја повика Владата и Министерството за здравство, итно да ја зголемат поддршката за превентивни програми за рана детекција и спречување на малигни заболувања.

**Анализите**, дел од **проект** на програмата Цивика мобилитас, покажуваат дека превентивната здравствена заштита во земјата не е приоритет за властите. „Буџетските средства за превенција се намалуваат, при што во 2024 година изнесуваа само 590 милиони денари, додека за 2025 година се предвидени 651 милион денари. Сепак, загрижувачки е што во последните години, со ребаланси, овие средства често се кратат, велат од ЕСЕ.

Алармантна е состојбата на скринингот на ракот на грлото на матката, кој, иако е воведен од 2012 година, не овозможува соодветна превенција. За успешен скрининг, како што истакнуваат од здружението, потребно е да бидат опфатени најмалку 75 % од жените, но, во 2023 година биле тестирани само 11 % од целната група. Според нив, недоволната распределба на финансиски средства (само 11 милиони денари годишно), недостигот на гинеколози во 40 општини, како и проблемите со електронското пријавување, ја загрозуваат ефективноста на програмата. „Поради тоа секоја година од рак на грло на матка заболуваат околу 200 жени, а во изминатите години, секоја година умираат помеѓу 40 до 60 жени од рак на грло на матка. Сите овие смртни случаи можат да се спречат доколку имаме добро организиран и соодветно финансиран скрининг на рак на грлото на матката, како и соодветен опфат со ХПВ вакцинација на младите", истакнуваат од ЕСЕ.

Претставниците на здружението бараат итно зголемување на средствата за скрининг на минимум 35 милиони денари годишно, подобра достапност до гинеколошки услуги, зголемена вакцинација со ХПВ вакцина и спроведување на сеопфатни здравствени едукативни кампањи. „Превенцијата спасува животи. Борбата против ракот мора да биде врвен приоритет за здравствените политики во земјата", нагласуваат тие.

### ДАЛИ ПРЕВЕНЦИЈАТА Е ПРИОРИТЕТ ЗА МАКЕДОНИЈА?

Македонија за да обезбеди поздраво општество, глобално поконкурентна работна сила, пониски трошоци за здравство, посилен економски развој и повисоко ниво на еднакви можности за секого, треба да инвестира во повисоко ниво на превентивна заштита.

| ГОДИНА / ПЕРИОД | БУЏЕТ МЗ | % БУЏЕТ МЗ ОД БУЏЕТ МК | БУЏЕТ ЗА ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ НА МЗ | % ПРЕВЕНЦИЈА ОД БУЏЕТ НА МЗ | % ПРЕВЕНЦИЈА ОД БУЏЕТ НА МК |
|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 5.560.408.818 | 3,3% | 389.190.808 | 7,0% | 0,23% |
| 2015 | 5.850.829.409 | 3,2% | 594.356.197 | 10,2% | 0,33% |
| 2016 | 5.630.782.000 | 3,0% | 587.726.000 | 10,4% | 0,32% |
| 2017 | 5.208.073.516 | 2,6% | 374.821.705 | 7,2% | 0,19% |
| 2018 | 5.780.153.000 | 2,9% | 455.112.000 | 7,9% | 0,23% |
| 2019 | 5.978.519.000 | 2,7% | 553.367.000 | 9,3% | 0,25% |
| 2020 | 7.209.512.000 | 3,0% | 711.374.000 | 9,9% | 0,29% |
| 2021 | 8.391.304.000 | 3,3% | 1.539.522.000 | 18,3% | 0,60% |
| 2022 | 7.364.208.000 | 2,6% | 848.745.000 | 11,5% | 0,30% |
| 2023 | 6.852.768.000 | 2,1% | 669.340.000 | 10% | 0,21% |
| 2023 ребаланс | 6.634.217.000 | 2,0% | 633.409.761 | 10% | 0,20% |
| 2024 | 7.665.098.000 | 2,2% | 618.762.000 | 8% | 0,18% |
| 2024 ребаланс | 7.513.034.000 | 2,0% | 590.762.000 | 7% | 0,14% |

Извор: Завршни сметки на Буџетот на РМ, односно Буџетот на РСМ

# Анкета: Граѓаните сомничави кон медиумите, но не ги проверуваат




Истражувањето на јавното мислење „**Практиките и перцепциите на граѓаните во поглед на информирањето и справувањето со дезинформациите**“ реализирано од Институтот за комуникациски студии (ИКС) во февруари покажа дека, иако граѓаните се сомневаат во објавените информации, ретко преземаат мерки за проверка на нивниот кредибилитет и вистинитост.

Вкупно 41 % од испитаниците сметаат дека понекогаш успеваат да препознаат

дезинформации, а 29% веруваат дека секогаш можат да го направат тоа. Сепак, дури 80 % од испитаниците ретко или воопшто не го проверуваат авторот на веста, а 71 % ретко или воопшто не го проверуваат издавачот. Додека 52% од мнозинството граѓани сметаат дека понекогаш споделуваат неточни информации, 40% веруваат дека секогаш споделуваат вистинити податоци.

Во однос на изворите на дезинформации, 36 % од испитаниците сметаат дека политичките партии се главниот извор на ширење дезинформации, 12 % ја посочуваат медиумската сфера, а 4 % ги наведуваат државните институции. Меѓутоа, речиси половина од испитаниците (47 %) сметаат дека сите тие заедно се чести извори за ширење дезинформации помеѓу граѓаните.

Перцепцијата за доверливоста на медиумите е поделена: 29 % од граѓаните се сомневаат во сè што се објавува, а исто толку ја проверуваат истата вест во други релевантни медиуми. Само 21 % веруваат дека ако нешто е објавено, тогаш е точно. 74 % од испитаниците сметаат дека медиумите пренесуваат само основни информации, без длабинска анализа. Теми од најголем интерес за испитаниците се здравството, јавните финансии и образованието.

Речиси половина од граѓаните (51 %) се информираат неколку пати дневно, додека 27 % еднаш дневно. Телевизијата, социјалните медиуми и онлајн-порталите остануваат најчести извори на информации, додека помалку од 10 % се потпираат на лични контакти за добивање вести.

ИКС го реализираше истражувањето на јавното мислење во рамките на проектот „Користи факти“, што е поддржан од Британската амбасада во Скопје.

## Одбележување на денот на извидниците

Граѓанските организации го одбележаа Денот на Извидниците, 22 февруари. „Извидништвото не се состои само во активностите на отворено – тоа е пат кој ни помага да изградиме лидерски вештини, да научиме за одговорноста и важноста на заедничкото дејствување. Тоа формира млади луѓе во способни и иновативни лидери, подготвени да донесат позитивни промени во своето општество“, велат од Еко Логик. Годинава заедно со одбележувањето, тие го промовираа и **Прирачникот H4U** – ресурс што ќе им помогне на извидниците и волонтерите во нивниот пат на личен раст и развој.



Во Свети Николе, во организација на Сојузот на извидници на Македонија, на 21 февруари 2025 година се одржа Централната манифестација по повод денот на извидништвото. На манифестацијата учествуваа преку 500 извидници од категориите развигорци, извидници и истражувачи од градовите Скопје, Куманово, Штип, Кочани, Прилеп, Битола и Кичево. Покрај тоа, на 1 март беше организирана и крводаритална акција ИО „Димитар Влахов“ на која се собраа 68 крвни единици. Акцијата заеднички ја реализираа Општинската организација на Црвен крст, Извидничкиот одред „Димитар Влахов“, Младинскиот центар и Институтот за трансфузиона медицина од Скопје. Ова е трета акција на ИО „Димитар Влахов“, која се одржува по повод Светскиот ден на извидништвото. Со акцијата, извидниците од Велес ја докажаа нивната хуманост.

## Олигархијата е закана за социјлната правда, демократијата и човековите права

„Зајакнување на инклузијата: премостување на празнините на социјалната правда“, беше темата на Светскиот ден на социјалната правда во 2025 година.

Според Центарот за слобода Цивил, како организација која активно работи на човековите права и слободи веќе 25 години, инклузијата, како глобална тема, никогаш не била под закана, а социјалната правда во земјава е на последното место. Политичарите дебатираат за промена на државниот грб и химна, додека луѓето гладуваат. Промената на државниот грб ќе значи и дополнителен трошок, затоа што ќе треба да се менуваат и личните исправи.

„Јавноста е сведок на тоа како власта тактизираше и одолговлекуваше да спроведе мерки за заштита на животниот стандард, за денес, токму на Меѓународниот ден на социјалната правда, да стапи на сила мерката за замрзнување на цените на производите, откако цените претходно вртоглаво пораснаа“, стои во соопштението на Цивил.

Претставниците на организацијата ја алармираат јавноста и институциите за тешките состојби во сферата на социјалната правда, каде спаѓаат социјалната заштита, здравството, образованието и други.

Тие бараат социјална правда во надминување на сиромаштијата со инклузија, а не маргинализација на социјално ранливите категории.

Целиот текст прочитајте го на следниот **линк**.

# Првата PREPARE обука за одржлив туризам во Македонија



Кон крајот на февруари, Еко Логик го организираше првото пилот-тестирање на PREPARE обуката за одржлив туризам. Настанот се одржа во Мултикултурниот центар во Кочани, каде заедно со 30-тина вработени од општината ја тестираа платформата за е-учење и обуките што таа ги нуди. Платформата вклучува содржини наменети за млади, за вработени во општините, како и други локални чинители кои сакаат да ги подобрат своите зелени вештини.PREPARE е проект кој има за цел да обезбеди едукација и практични алатки за одржлив туризам. Преку иновативна платформа за е-учење, корисниците имаат можност да се стекнат со знаења и вештини кои ќе им помогнат подобро да ги планираат и управуваат со туристичките активности на одговорен и еколошки начин.

За време на пилот-тестирањето во Кочани, учесниците ја испробаа платформата, ги проучија достапните материјали и дадоа повратни информации за содржините и корисничкото искуство. Учесниците разговараа за предизвиците, но и за можностите што ги носи одржливиот туризам, споделувајќи искуства и идеи за подобрување на туристичките практики во Македонија.

Следната фаза од проектот PREPARE се работилници со млади. „Врз основа на повратните информации од пилот-тестирањето, ќе продолжиме со адаптација на обуката за да одговори на реалните потреби на корисниците“, велат од Еко Логик.

Обуката е достапна онлајн и заинтересираните можат да ја посетат на следниот линк: **PREPARE обука за одржлив туризам**. Еко Логик ги поканува сите да се приклучат, да научат повеќе за одржливиот туризам и да станат дел од мрежата на свесни и одговорни туристички професионалци!

Проектот PREPARE е кратенка за промовирање на заштита на животната средина и учење за климатските промени. Тој е финансиран преку Турската национална агенција, во рамки на Еразмус+ програмата, клучна акција 2, Партнерства за соработка во полето на млади (KA220-ТИ).

Проектот е координиран од општина Ушак и имплементиран од девет партнери и тоа, општини и граѓански организации од Турција, Италија, Северна Македонија и Грција.

# Платфромата на граѓански организации за борба против корупцијата бара од надлежните институции да се прекине праксата на неказнивост, селективна правда и формално исполнување на обврските

По трагичниот пожар во Кочани, од Платформата на граѓански организации за борба против корупција одржаа прес конференција на која јасно потенцираа 11 барања упеатедни до надлежните институции.

„Трагедиите како пожарот во Кочани, Ласкарци, „Беса Транс“, и модуларната болница во Тетово се директна последица на системски пропусти, политичка заштита, некомпетентни вработувања и институционална негрижа,“ велат од Платформата. Тие додаваат дека недостигот од одговорност и селективна примена на закони доведуваат до сегашната состојба, а без еднаков третман пред законот, ваквите трагедии ќе продолжат да се повторуваат.

Платформата бара да бидат преземени итни чекори. Тргнувајќи од реформа на казнената политика, одговорност на институциите и компаниите надлежни во процесот на издавање лиценци, повеќе теренски проверки, па до финансиски и политички независни инспекторати. И секако најважна е неселективна целосна истрага.

„Секој што дозволил небезбедни објекти да функционираат – од најниско до највисоко ниво – мора да сноси одговорност, било дисциплинска, прекршочна, кривична или политичка“, додаваат во едно од барањата од Платформата.

**Членките на Платформата**, покрај барањата, за следниот период најавиа и подготовка на Бела книга со досега неисполнети барања за системски реформи, придружена со акциски план и рокови за институциите.

Прочитајте ги целосно сите барања на Платформата **тука**.

# Младинскиот образовен форум ќе биде домаќин на Европското дебатно првенство во 2026

По 20 години од одржувањето на Светското дебатно првенство во Струга, Младинскиот образовен форум (МОФ) најави дека ќе биде домаќин на Европското дебатно првенство за средношколци, кое ќе се одржи во Скопје, во февруари 2026 година. Ова е можност за создавање нови пријателства и размена на идеи што ќе ги инспирираат идните генерации. „Оттогаш па до денес, дебатната програма на МОФ постојано расте и напредува, од зацврстување на локалните клубови до остварување меѓународни успеси. МОФ има организирано три меѓународни дебатни првенства“, додаваат од МОФ.

Во 2026 година, МОФ повторно ќе ги отворат вратите за тимови од цела Европа, нудејќи им ја уникатната прилика да го искусат македонското гостопримство и енергијата на Скопје. „Подготовките за овој голем настан веќе се во тек, а нашата цел е да организираме првенство кое ќе постави нови стандарди, ќе се памети долго и ќе придонесе кон уште поголемо меѓународно етаблирање на нашата дебатна заедница“, соопштуваат од МОФ. Нивната цел е да ги инспирираат младите дебатери и да ја промовираат дебатата како алатка за критичко размислување, аргументирано изразување и градење позитивни промени во општеството.

Инаку, дебатната програма на МОФ нуди бесплатни неделни предавања во Дебатни клубови за средношколци, во период од една година водени од обучени предавачи врз основа на стандардизирана програма.




Средношколците учат за основите на дебатата, аргументирањето, критичкото размислување, тимската работа и јавното говорење преку Средношколски дебатен формат.

На годишно ниво се одржуваат турнири на кои најдобрите тимови и говорници добиваат можност за меѓународни натпревари. Во рамките на програмата е вклучена и универзитетска дебата, со акцент на студентските формати и Британската парламентарна дебата. Целта на дебатното првенство е да се поттикне култура на дијалог, критичко анализирање на општествените прашања и развивање на ораторските способности кај младите.

# Се одржа Марш за женски права под слоганот „Нека јадат ружи!“

На 8 март, по повод Меѓународниот ден за економска, политичка и општествена борба за рамноправност на жените, пред Универзална сала во Скопје започна овогодинешниот Марш за женски права, под слоганот: „Нека јадат ружи!“. Да, ружи затоа што, како што велат од Платформата за родова еднаквост „Ако ја земеме ружата како симбол на женската самоодбрана, активност и влијание, тогаш не можеме да останеме глуви и неми на угнетената позиција во која се наоѓаме. Овој систем на нееднаквост и надмоќ се храни од женската слобода и труд“.

Маршот, мобилизираше стотици кои протестираа против нееднаквостите и неправдите кон жените и девојките, потенцирајќи дека 8 Март не е ден за учтивост и симболични гестови, туку за подигање на свеста од потребата за унапредување на здравствените, образовните, работничките, културните, политичките и економските права на жените.

Во паркот „Жена борец“, активистките прочитаа проглас во кој се осврнаа на секојдневните системски недостатоци со кои се соочуваат:

„Сите сте добредојдени заедно да ја одбележиме и прославиме феминистичка борба за слобода, автономија и социјална правда и да ги потсетиме институциите и јавноста дека:

- Повеќе нема да ги молиме полицијата и обвинителството да постапуваат навремено, туку будно повикуваме на вистинска заштита и поддршка за жртвите на родово-базирано насилство.
- Сакаме здравство кое лечи, а не убива!
- Сакаме безбедни јавни простори во кои се чувствуваме слободни!
- Крај на експлоатацијата и работната дискриминација!
- Отворен и еднаков пристап до образование и кариерни можности без репродуцирање на штетни родови стереотипи и предрасуди.
- Поголем баланс помеѓу професионалниот и приватниот живот за поголема достапност на јавни услуги за рана грижа и образование и можноста за споделено родителско отсуство.

- Одговорно и родово сензитивно известување во медиумите, но и заштита на новинарките!
- Најпосле, бараме вредносен систем што ги почитува жените, им овозможува да живеат без страв и им гарантира активна улога во општеството.“

Маршот го посветија на „сите паднати борки и храбри жени од минатото и денешницата кои си го посветиле животот на оваа борба“.

Повеќе за **барањата**.




## „Зелени и претприемачки вештини и развој на бизнис концепт за зелени иновации“



На 22 февруари 2025 на Машинскиот факултет во Скопје, беше одржана Обука за ученици од средните училишта и професори – ментори за „Зелени и претприемачки вештини и развој на бизнис концепт за зелени иновации“. Ова беше 17 издание на обуката на која учествуваа над 150 заинтересирани.

Продеканот за настава на Машински факултет, проф. д-р Ташко Ризов, и Нена Манчев од „Македонија 2025“ ги поздравија учесниците. Манчев нагласи дека Македонија 2025 е посветена на создавање услови во кои младите таленти можат да се развиваат, да ги применуваат своите креативни решенија и да ги претворат своите иновативни идеи во практични бизнис концепти. Водени од проф. д-р Поленаковиќ и вонр. проф. д-р Велковски, средношколците и наставниците од сите средни училишта во државата ќе се натпреваруваат за „Најдобар бизнис концепт за зелени иновации“.

Настанот и проектот се поддржани од Министерството за економија и развој, „Македонија 2025“, Халкбанка, Националниот центар за развој на иновации и претприемничко учење и Центарот за инзвонредност во зелените иновации.

„Овој настан ја потврдува посветеноста на нашата заедница кон создавање на иднина каде што иновацијата, образованието и одржливоста се во центарот на развојот“ додаваат од Македонија2025.

# Еднодневна обука за „Менторки на иднината“



На 13 март 2025 година, Организацијата на жени на општина Свети Николе (ОЖОСВН) ја реализираше првата од четирите предвидени работилници од програмата „Растеме заедно во лидерки на заедницата“. Темата беше „Развивање меки вештини: комуникација, тимска работа, решавање конфликти и емоционална интелигенција“, а целта беше, учесничките – „Менторки на иднината“ – да ги зајакнат своите лични и професионални компетенции, да се запознаат меѓусебно и да изградат основа за успешна соработка.

Преку динамична презентација и практични примери, девојките се запознаа со основите на меки вештини, клучни за личен и професионален успех. Ги разгледаа принципите на ефективна комуникација, начините на активно слушање и важноста на јасното изразување на мислењата и ставовите.

Учесничките преку групни активности учеа како да соработуваат, да ги препознаат различните улоги во тимот и да изградат однос на доверба и почит.

Дел од работилницата беше фокусирана и на емоционалната интелигенција, односно способноста да се препознаат, разберат и контролираат сопствените, и емоциите на другите. Работилницата покрај тоа што беше можност за учење, беше и нова можност за размена на искуства, создавање нови пријателства и зајакнување на меѓусебната поддршка. Неформалните разговори и тимски игри, ги поврзаа девојките формирајќи основа за идни соработки.

Оваа активност е дел од проектот „Јаки жени, ја јакнат заедницата III“ финансиски поддржан од фондација Kvinna Till Kvinna и Шведска.

# Студентска конференција: „Дигитална слобода и родова еднаквост: Скини ги синџирите на онлајн насилството“

Активното ангажирање на младите, особено на студентките, во препознавањето и справувањето со родовите дезинформации и формите на дигитално родово-базирано насилство (РБН) и заштита од нив беше целта на студентскат конференција што ја организираше Здружението за еднакви можности „Мрежа Стела“ на 10 март 2025 година на Правниот факултет во Битола. Конференцијата им овозможи на студентите да добијат пошироко разбирање за РБН и како да се справат со неговите форми во дигиталниот простор, со акцент на превенцијата, препознавањето и поддршката.

За претставниците на „Стела“, РБН е резултат на длабоко вкоренетите родови нееднаквости, дискриминацијата и стереотипите кои постојат во општеството. На глобално ниво, овој тип на насилство е признато како сериозно прекршување на човековите права и основен проблем што го попречува постигнувањето на родова еднаквост и социјална правда. Според нив, во дигиталниот простор, пак, РБН добива нови димензии. Сајбер сексуалното вознемирување, сајбер демнење, неовластеното споделување на интимни фотографии и видеа (порнографија без согласност - одмазничка порнографија), клевета во онлајн просторот, тролање, кротење во онлајн просторот, доксинг/злокументирање, злоупотребата на лични податоци и говорот на омраза насочен кон одреден род и/или родов идентитет, се само некои од начините на кои насилството може да се манифестира онлајн.

Со оглед на тоа што дигиталниот простор овозможува насилството да се споделува глобално, овие форми на насилство иако се помалку видливи, често имаат долготрајни психолошки последици по жртвите. Конференцијата е дел од активностите на регионалниот проект „Одбрани го правото за да бидеш своја“ (Defend the right to be yourself) што се спроведува со финансиска поддршка од Министерството за надворешни работи на Франција.

## Нова надеж за жените жртви на семејно насилство




Семејното насилство е сериозен проблем кој бара заедничка акција. Според истражувањето за насилството врз жените во Северна Македонија, како што пишуваат од Кризен центар „Надеж“, 44% од жените доживеале психолошко насилство од интимниот партнер, а 60% сметаат дека семејното насилство е доста распространето во државата.

Во периодот од 2018 до 2022 година, пријавените случаи на семејно насилство се зголемиле за 61%, што укажува на итна потреба за силен правен одговор.

По повод 8 Март, Меѓународниот ден на жената, Кризен центар „Надеж“ започна кампања „Нова надеж за жените жртви на семејно насилство“, за да обезбеди поддршка и заштита за жените кои се соочуваат со оваа сериозна појава. Кампањата е достапна на платформата **opop.mk** до 30 мај 2025, и е поддржана од Македонски телеком преку нивната апликација во делот Magenta Moments.

Шелтерот за жени жртви на семејно насилство на Кризен центар „Надеж“ е ретко место каде жените можат да се засолнат од заканата. Тие ја осигуруваат нивната безбедност и ги охрабруваат да излезат од насилната средина, за да обезбедат нов живот за себе и своите деца. „Донирајте за нашиот шелтер да продолжи да биде надеж, чувство на поддршка и нова самодоверба“, апелираат од КЦ „Надеж“.

Иницијативата има за цел да обезбеди грижа и основни прехранбени и хигиенски пакети за најмалку 20 жени кои го напуштаат шелтерот. Пакетите ќе вклучуваат и информативни материјали за достапни ресурси и услуги за помош и поддршка кои ќе придонесат за нивна поуспешна реинтеграција во заедницата. Со кампањата ќе се подобри самодовербата и чувството на поддршка кај жените, што ќе им помогне да ги надминат предизвиците и да започнат нов живот.

Од организацијата велат дека „доколку се соберат помалку средства, ќе бидат поддржани помал број на корисници. Потребите се големи и колкав износ да биде прибран, ќе се користи за истата цел“.

Инаку, КЦ „Надеж“ на годишно ниво згрижува во просек 40 жени кои го напуштаат домот, бидејќи повеќе не можеле да трпат насилство. Тие најчесто се јавуваат на нивната СОС-линија 15-315 која е достапна 24/7 или телефонот на доверба 02 317 424.

## Избрани нови членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

Владата на Република Северна Македонија на седница одржана на 18 март 2025 година, донесе Решение за назначување членови и заменици на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Новиот Совет е составен од 27 членови и исто толку заменици и тоа 13 членови и заменици од редот на вработените во органите на државната управа и 14 членови и заменици на предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, избрани преку јавен оглас.

Новиот состав на Советот го сочинуваат:

1. Лидија Најдова-Ниневска (член) и Гоце Стоиловски (заменик член) од Министерството за внатрешни работи
2. Бојана Босилкова и Александра Цветановска од Министерството за правда
3. Суеда Бајрами и Егзона Локи од Министерството за односи меѓу заедниците
4. Даница Насова Иванова и Флутура Лазами од Министерството за европски прашања
5. Ангелина Јакимовска и Оливера Марковска Ивановска од Министерството за финансии
6. Елизабета Поп-Ангелова и Бети Попова од Министерството за економија и труд
7. Бесник Бајрами и Јелена Арсова од Министерството за здравство
8. Весна Вигњевиќ и Александра Анчева од Министер-

ството за образование и наука

9. Шпреса Саиди и Александра Крстевска Ангеловска од Министерството за социјална политика, демографија и млади

10. Стефан Вангелски и Александра Куновска од Министерството за локална самоуправа

11. Снежана Ристовска и Ирена Димовска од Министерството за култура и туризам

12. Оливера Јакшиќ Транталовска и Марјан Патлиџанковски од Министерството за дигитална трансформација

13. Лендита Дика и Мисрете Едипи од Министерството за животна средина и просторно планирање

14. Валентина Величковска и Дарко Димов од Македонскиот центар за меѓународна соработка-МЦМС, област: развој на граѓанското општество

15. Дарко Аврамовски и Лејла Тутиќ од Коалицијата на здруженија на граѓани „Сите за правично судење", област: владеење на правото и борба против корупцијата

16. Маја Атанасова и Бојана Божиновска Силјановска од Македонското здружение на млади правници-МЗМП, област: демократија, промоција и заштита на човековите права и добро владеење

17. Симонида Кацарска и Беба Жаргар од Институтот за европска политика, област:  ЕУ интеграции и политики

18. Никица Кусиникова и Виктор Мирчевски од Здружението Конект, област: економски и одржлив развој

19. Моника Илиоска Кантарџиоска и Томислав Гајтановски од Коалицијата на младински организации СЕГА, област: образование и младинско учество

20. Сузана Стојановска и Ирена Лозана од Здружението за рехабилитација и инклузија на лица со Даунов синдром, Дневен центар „Доза среќа", област: социјална заштита и заштита на деца

21. Теа Зографска и Мартина Станковиќ од Сојузот-Национален совет за родова рамноправност, област: родова еднаквост

22. Елизабета Божиновска од ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување и Андреј Сених од Здружението за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ-Заедно посилни, област: заштита на здравјето

23. Емилиа Ѓероска и Рубин Николовски од Здружението на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал, област: земјоделство, рурален и рамномерен регионален развој

24. Зоран Димов од Здружението Ромски деловен информативен центар за Македонија-ЗРДИЦМ, област: култура

25. Бардил Јашари и Данче Даниловска Бајдевска од Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис, област: медиуми и информатичко општество

26. Драгица Вучковиќ и Милорад Вучковиќ од Здружението за заштита на околината и дрвото „Еkoдрводекор", област: заштита на животната средина

Советот се формира со Одлука на Владата на Република Северна Македонија, како советодавно тело на Владата за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанското општество во Македонија.

# Одржан првиот состанок на Работната група за новата стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество



На 14 март 2025 година, во просториите на Генералниот секретаријат, се одржа првиот состанок на Работната група која работи на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028. Во овој процес учествуваа претставници на ресорните министерства и на граѓанските организации кои во текот на **консултациите** спроведени во ноември 2024 година, доставија предлог мерки и активности што сметаат дека треба да бидат вклучени во политиките на Владата за соработка со граѓанското општество во наредниот четиригодишен период.

Стратегијата 2025-2028, како дел од Програмата за работа на Владата, ќе се фокусира на поддршка на развојот на инклузивен, независен и професионален граѓански сектор, кој е партнер на институциите во остварувањето на стратешките цели на државата.

Мерките и активностите во новата стратегија ќе бидат групирани во две приоритетни области: Создавање поволна средина за граѓанските организации да ги спроведуваат своите активности и Зајакната соработка и партнерство меѓу граѓанските организации и јавните институции.

# Граѓанскиот сектор во бројки: над 7000 активни организцаии ја движат промената

Граѓанскиот сектор во Република Северна Македонија (РСМ) е витален сегмент на демократското општество, кој тежнее да биде двигател на општествените промени. Според најновите податоци од Централниот регистар на РСМ, бројот и активноста на граѓанските организации покажуваат позитивен тренд, што укажува на растечки интерес и ангажман на граѓаните во различни сфери од јавниот и општествениот живот. Анализата на нивната правна форма, големина, дејност и географска распределба открива значајни увиди во нивната одржливост и динамика на развој.

Бројот на регистрирани граѓански организации стигна до 16.117 покажуваат последните бројки од Централниот регистар (ЦРМ). Од нив, активни се 9.415 организации. Критериумот за активност се поднесените завршни сметки или изјави дека организацијата не треба да поднесе завршна сметка. Од активните, 7.173 се регистрирани како правна форма различна од спортски здруженија. Податоците покажуваат дека активните организации значително ги надминуваат неактивните, кои изнесуваат 5.194, што е позитивен показател за ангажманот на граѓанскиот сектор.

Најголем дел од овие организации, околу 84%, се регистрирани во категоријата „останати општествени организации, фондации и здруженија на граѓани". Правната форма генерално не покажува силно влијание врз одржливоста, бидејќи бројот на активни и неактивни е релативно сличен во повеќето категории. Сепак, фондациите се издвојуваат како најодржливи, односно, 168 од нив се активни, наспроти 68 неактивни. Изненадува фактот дека бројот на неактивни еколошките здруженија е поголем од бројот на активни, односно 103 наспроти 90 што укажува на поголеми предизвици во оваа област на делување.

Големината на организацијата се покажа како еден од клучните фактори за одржливост. Микро организациите имаат далеку поголема шанса да останат активни во споредба со малите, кои почесто се соочуваат со предизвици во одржувањето на својата активност. Овој контраст укажува дека помалите организациски структури имаат поголема флексибилност и можност за адаптација на променливите услови, што им овозможува подолгорочна активност.

Кога организациите се анализираат според претежната дејност, најголем број и кај активните и кај неактивните припаѓаат на категоријата „94.99 – Дејности на други организации врз база на зачленување", со 5.833 активни и 4.389 неактивни. Активните организации генерално покажуваат поголема разновидност на дејности. Организациите кои работат на прашањата поврзани со образование се посебно интересен пример, со 49 активни и само 9 неактивни, што е соодност од 5.4:1. И спортските организации бележат висока одржливост, додека најмногу неактивни се регистрирани кај организациите што се занимаваат со социјална заштита.

На ниво на општини и региони, најмногу организации има во општина Центар со 1.078 активни и 742 неактивни. Потоа следуваат општините Карпош (578 активни и 345 неактивни), Битола (461 активни и 287 неактивни) и Аеродром (432 активни и 271 неактивни). Некои општини, како Гевгелија и Дебар, имаат речиси двојно повеќе активни организации, додека во други, како Ресен и Шуто Оризари, бројките се речиси изедначени. Полошкиот регион има највисок соодност меѓу активни и неактивни организации (1.58), по што следуваат Југоисточниот (1.51) и Југозападниот регион (1.45). Источниот регион има најнизок соодност (1.09).

Скопскиот регион доминира со речиси 44% проценти од сите граѓански организации во државата. Пелагонискиот регион е втор по големина со околу 13%, а Североисточниот има најмал број или околу 6%.

Анализата покажува дека западните и туристичките региони, како Полошки, Југозападен, Охрид и Струга, бележат подобра одржливост. Иако руралните општини имаат помал број организации, тие често имаат повисока стапка на активност во однос на регистрираните.

Фактот што земјата има над 7.000 активни граѓански организации (исклучувајќи ги спортските) покажува значаен потенцијал за општествена ангажираност, но и потреба од стратешко насочување и поддршка за развој на организациите во помалку застапени региони и сектори.

Поврзано со ова, на е-платформата на Цивика мобилитас е достапен Адресарот на граѓански организации, кој содржи податоци за над 6.500 граѓански организации. Со самото регистрирање во ЦРМ, организациите се појавуваат и на платформата. Адресарот постојано се надополнува и ажурира, нудејќи тековни информации за организациите. Во периодот што следи, планирано е да се збогати и со статистички податоци (по региони, дејности, области и други категории), за подетален преглед и подобро информирање за состојбата на граѓанскиот сектор во земјата.



# ВЕСТИ
# ОД ЦИВИКА МОБИЛИТАС

# Граѓански импулс #1: месечен осврт на активностите на грантистите




Во декември, грантистите на Цивика мобилитас продолжија да покажуваат посветеност и ангажман на важни прашања кои го отсликуваат секојдневниот живот. Иницијативите кои ги покренуваат тие, не само што ги охрабруваат граѓаните да бидат активни учесници во создавањето на позитивни промени,туку и ја поттикнуваат свеста за значењето на родовата еднаквост, економското јакнење на жените, еколошката одржливост и култура, кака и борбата против корупцијата.

Во Пелагонискиот регион, Центарот за граѓански иницијативи од Прилеп, заедно со партнерите, СТАНИЦА ПЕТ и Мултиетничкото здружение за сите воздрасти, организираа Школа за родова еднаквост на која присуствуваа 20 учесници. Школата им овозможи да се стекнат со важни знаења и ресурси за правата на жените и девојките какко и за нивното активно учество во заедницата. Организациите вредно и посветено работеа и во Прилеп, Кривогаштани и Долнени. Таму реализираа предавања за „Превенција за подобро здравје“, на кои најмалку 90 учесници ја проширија својата свест за важноста на здравјето и превентивата. Во Тетово пак, се случи наградување за постигнати претходни ангажмани. Свечено им беа доделени осум сертификати на курсистки кои успешно ја завршија обуката за „Козметичар-Естетичар“, како дел од програмата за економско јакнење на жените.Ова е само еден од примерите на грантистите на Цивика мобилитас насочени за ангажирање и создавање нови можности на жените, кои со нови стекнати вештини се вклучуваат на пазарот на труд и создаваат економска стабилност за себе и своите семејства.

Беше одбележан и Меѓународниот ден за борба против корупцијата, 9 декември, кога Центарот за граѓански комуникации, Здружението на даночни советници и Активо ја објавија Анализата на користењето на податоците за вистинските сопственици во борбата против корупцијата во Северна Македонија. Истражувањето открива дека надлежните институции во земјава малку ги користат податоците за вистинските сопственици кои можат да бидат клучни во спречување криминал и корупција.

Прочитајте го целиот Граѓански импулс на следниов **линк**.

## „Градете силни врски со заедницата!“



На неодамнешната работилница на Цивика мобилитас, „Добри практики за одржливост на граѓанските организации“ , која ја водеше Сајмон Форестер, Центарот за младински активизам КРИК го презентираше своето искуство. Ова беше поводот да поразговараме со Мила и Ангела за напорите на организацијата да функционира и да се справува во ôд со сите предизвици.

„Ни беше драго што ја имавме можноста да ја претставиме одржливоста на нашата организација како добра практика. Особено беше чест да се направи тоа со Сајмон Форестер. Во суштина, сметаме дека одржливоста треба да е едно од основните начела кон кои граѓанските организации треба да целат“, вели Ангела.

Зборувајќи за добрите пракси, Ангела раскажува за, според неа, најуспешната и иновативна мобилизација на поддршка на КРИК досега која се одвива преку кампањите за собирање средства за „Инклузивните летни кампови за млади“. „Првиот камп во 2017 година беше целосно финансиран од УНИЦЕФ, но од тогаш КРИК се соочи со значителни тешкотии во обезбедувањето на потребните средства за континуирано организирање на овие кампови. Во изминатите две години организацијата се сврте кон иновативен пристап – онлајн кампања за собирање средства со креативен елемент. За секоја донација што ја добиваат, поддржувачите можат да изберат накит или уметничка фотографија, изработени рачно од корисниците на КРИК. Ова не само што ги обезбедува потребните средства, туку и им дава на донаторите значајна и лична врска со корисниците, овозможувајќи им директно да ги поддржат креативните напори на луѓето кои ги поддржува КРИК“, вели таа. За да си го олесни мобилизирањето, секоја година, КРИК спроведува истражување за идентификување компании со силна посветеност кон социјалната одговорност, особено оние кои се заинтересирани за поддршка на инклузијата и развојот на млади. Откако организацијата ги идентификува потенцијалните партнери, ги контактира овие компании, објаснувајќи ја мисијата и влијанието на камповите и начинот на кој нивните донации директно ги користат учесниците.

„Работејќи 12 години со целни групи на кои им треба поголема видливост и инклузија се покажа природно да работиме многу повеќе на видливост, особено затоа што сметаме дека сите луѓе и сечија приказна заслужува да биде чуена. Оттука произлезе и потребата за план за социјален маркетинг“, ја објаснува Ангела придобивката од работилницата со Форестер.

Центарот за младински активизам „Крик“ е граѓанска организација која веќе 12 години активно работи со младите и со ранливите групи, поттикнувајќи младински активизам и партиципација

Прочитајте ја целата приказна на следниот **линк**.

## Достапен е новиот Адресар со преку 6.500 активни граѓански организации во Македонија

Дали знаевте за Адресарот на граѓански организации во Македонија? Дали вашата организација е веќе дел од овој Адресар или сакате да ја додадете? Сега имате можност да го направите тоа! Ви го претставуваме Адресарот на граѓански организации, совршена алатка за сите кои сакаат да се информираат или поврзат со активните организации во државата.

**Што нуди Адресарот?**

- Основни податоци за повеќе од 6.500 граѓански организации кои се регистрирани во Централниот регистар на РМ
- Ажурни контакт информации (имејл, веб-страна, социјални медиуми)

- Лесно пребарување и листање на организации според сектори на делување, општини и региони

**Што можете да направите?**

Ако вашата организација недостасува или има погрешни податоци, лесно можете да ги додадете или ажурирате преку **пополнување на едноставен формулар**.

**Зошто да го користите?**

- Ја подобрува меѓусебната информираност и комуникација меѓу организациите
- Го олеснува вмрежувањето меѓу организациите
- Ја зголемува видливоста на организациите.

**Адресарот** е достапен на е-платфромата на Цивика мобилитас. Користете го и поврзете се со нови можности за соработка и развој!




# Граѓаните сметаат дека треба да бидат внимателни во односите со другите луѓе

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) го спроведе редовното истражување на општата доверба и довербата во институциите. Резултатите покажуваат дека довербата во луѓето останува поделена, односно нешто над половината од граѓаните (52,6%) изјавиле дека имаат целосна или делумна доверба во луѓето. Најголема сигурност граѓаните чувствуваат во својот најблизок круг, па околу 2/3 рекле дека имаат доверба во соседите, додека довербата во колегите (52,8%) и сонародниците (52,2%) е многузинска но, значително пониска. Најголема претпазливост испитаниците изразуваат кон непознатите, при што 84,1% изјавиле дека имаат целосна или делумна недоверба.




Меѓучовечката доверба е на ниско ниво, при што 84,9% од граѓаните сметаат дека треба да бидат внимателни во односите со другите, а само 14,3% веруваат дека на повеќето луѓе може да им се верува. Овој висок степен на претпазливост се потврдува и кај одговорите на прашањето: „Дали сметате дека луѓето воопшто би ве искористиле или ќе се обидат да бидат чесни кон вас?“ Вкупно 76,0% од испитаниците сметаат дека луѓето би се обиделе да ги искористат. Од нив, најголем дел (21,5%) силно веруваат во тоа, позиционирајќи се на најниската точка од скалата.

Нема раст на довербата кај ниту еден од општествените сектори споредено со резултатите од анкетата направена во 2021 година. Банките и финансиските институции

(59,2%) и понатаму уживаат највисоко ниво на доверба. На исто ниво како во 2021 година е довербата во медиумите (55,5%), деловниот (51,2%) и граѓанскиот сектор (49,6%). Најголем е падот на довербата во јавниот сектор (од 46,8% на 27,1%), потоа следуваат политичките партии (од 36,2% на 27,6%) и меѓународната заедница (од 46,2% на 39,5%). Во споредба со 2021 година, најголем пад на довербата е забележан кај етничките Албанци, особено во јавниот сектор и политичките партии. Кај етничките Македонци, најзначителен пад има во јавниот сектор.

Проверката на довербата во различните професии покажа дека граѓаните најмногу им веруваат на наставниците и професорите, со целосна или делумна доверба од 72,0%, а веднаш по нив се свештениците и верските лица (70,8%) и лекарите (65,9%).

Од друга страна, судиите (18,4%) и цариниците (22,9%) се професиите во кои граѓаните Имаат најмалку доверба, додека деловните,бизнис-консултантите (44,9%), полицијата (44,0%) и државните службеници (36,5%) се рангираат нешто подобро, но сепак остануваат во рамките на малцинството.

Истражувањето е спроведено со теренска анкета на национален репрезентативен примерок од 1000 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони. Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со ниво на доверба од 95% и со грешка од +/- 3%. Анкетата е направена во периодот од 20 април до 25 мај 2024 година. За МЦМС, анкетата ја спроведе М-Проспект.

Кон истражувањето: **Општа доверба и доверба во институциите 2024**

# Промените се видливи кога системот се менува одвнатре



**Бројот на млади во земјава**, меѓу два пописи на населението (2002 и 2021 година) се намалил за 6%. Или во апсолутни бројки, приближно 77.000 млади луѓе се отселиле од Македонија во овие 19 години. Или уште попластично, речиси една Битола, заминала да живее на друго место, во други држави. Проблемот е актуелен подолго време, а потребата од преземање конкретни чекори е поголема секој ден. За ова не е доволно да реагираат само властите, без разлика дали се национални или локални, за ова е потребен одговор од целото општество.

Водени токму од овие потреби, се здружија девет општини од Пелагонискиот регион и девет граѓански организации предводени од здружението ПроЛокал од Битола. Ги обединија силите за да го фатат „последниот воз" и да се обидат да го намалат или дури и запрат иселувањето на младите од нивниот регион.

Тргнаа од причините за иселување. Направија анкета со 500 млади, а на повеќе од 170 млади им овозможија да се вклучат во мапирањето на областите во кои сакаат да направат подобрување. ПроЛокал и партнерите ја создадоа првата Регионална платформа за млади. Таа е иновативен механизам за идентификување и решавање на младинските потреби. Работата на Платформата се базира на здружување на општинските ресурси и оние на граѓанските организации. Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас ја поддржа оваа иницијатива.

Речиси една година по здружувањето на сите засегнати страни, можеме да посведочиме дека работите се движат во добра насока. На основа на придонесот на младите и користењето на други исто така релевантни извори на информации, подготвени се секторски анализи во три мапирани области и тоа: локален економски развој, животна средина и здравствена и противпожарна заштита. Тие беа презентирани во февруари за време на третата средба на Регионалната платформа за млади во Офицерскиот дом во Битола. За нив разговараа и гласаа девет градоначалници и девет граѓански (ГО).

Прочитајте ја целата приказна на следниот **линк**.

# Над 30 организации беа дел од дискусиите за напредокот на грантовите






Во текот на февруари, тимот на Цивика мобилитас направи мониторинг на вкупно 34 граѓански организации, корисници на 10 од грантовите **за граѓански ангажман**, кои започнаа со реализирање на нивните активности во јули 2024 година.

Целта на посетите беше да се провери како се одвива спроведувањето на проектите, да се соберат информации за предизвиците со кои се соочуваат организациите и нивните партнери, како и да се разгледаат можностите за подобрување.

Грантистите зборуваа за актуелните и планираните активности кои вклучуваат одржливо управување со органскиот отпад и стекнување практични знаења за одржлив развој, изработка на платформа „Пристапен доктор" за лицата со попреченост, формирање регионално тело на родови промотери и Школа за родова еднаквост во Пелагонискиот регион. Во Североисточниот регион, актуелна е теренска едукација на руралните жени, нивната мобилизација, буџетска писменост, како да се вклучат на пазарот на труд и сл. Од организациите, во чиј фокус се младите и образованието беше спомната и дигиталната алатка „Економски компас", која е почната со еден од претходните проекти на Цивика мобилитас, а сега се надоградува, како и Младинска мрежа за финансиска писменост на Југоистокот. Понатаму, планирано е организирање на два пет дневни кампови за поддршка на проектните тимови предводени од млади, за да ги разработат нивните проектни идеи во спроведливи акции.

Важен аспект на овие посети беше и дискутирањето за Political Economic Power Analysis (ПЕПА) анализата, која беше презентирана на **Средбата за вмрежување**. Речиси сите организации споделија дека се инспирирани од неа и новите сознанија од анализата (во однос на актери, простори, ресурси и правила на играта). Со помош на анализата тие развиваат заедничка мрежа на ниво на проект, што ќе им служи како основа за идни активности и остварување на целите на грантовите.

На посетите, тимот на Цивика мобилитас разговараше со организациите и за некои од добрите практики и иновации. Беше разговарано за Кодексот на ГО, за тоа дали потписниците ги почитуваат одредбите од него, и за причините зошто некои од нив се уште не се потписници. Во текот на разговорите тимот се интересираше за примена на правилата од The Climate, Environment and Disaster Risk Reduction Integration Guidance (CEDRIG) и понуди препораки до грантистите за намалување на употребата на пластични шишиња, користење помалку хартија на настаните што ги организираат и сл.

Голем дел од грантистите споделија дека поддршката од Цивика мобилитас била значајна за нивниот развој, особено во делот на јакнење на капацитетите. Работилниците како „Добри практики за одржливост на граѓанските организации" и „Острови на интегритет" беа посебно истакнати како клучни за напредокот на организациите.

За време на посетите беше дискутирана и актуелната ситуација со прекинувањето на поддршката од УСАИД и нејзиното влијание на нив, а и воопшто на организациите во секторот. Поддршката е голем фактор и за одржливост но и за дел од исполнување на иницијативите. Тие се согласија дека регионалните и тематските платформи за соработка можат да бидат ефективни механизми, но само доколку се обезбеди континуирана поддршка, во спротивно, овие платформи нема да можат да опстанат.

Посетите за мониторирање на грантистите се редовна активност на тимот на Цивика мобилитас што се случува најмалку еднаш годишно.

# Граѓански импулс #2: месечен осврт на активностите на грантистите




Во февруари, организациите поддржани од Цивика мобилитас продолжија со активностите во различни области како што се образованието, животната средина, дигитализацијата и родовата еднаквост.

Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените **(ЕСЕ) на 4 февруари, Светскиот ден за борба против ракот**, упати апел до Владата на Република Северна Македонија и Министерството за здравство да ја зголемат поддршката за превентивни програми за рана детекција и спречување на рак. ЕСЕ работат на унапредување на скринингот на ракот на грлото на матката во рамките на проектот „Унапредени здравствени права на девојките, жените и ранливите групи". Тие бараат итно зголемување на средствата за скрининг на минимум 35 милиони денари годишно.

За реформите во образованието и Болоњскиот процес, во две интервјуа од Балканскиот институт за регионална соработка (БИРС) направени во рамки на проектот „Застапување за инклузивен развој", зборуваа **Петар Атанасов**, поранешен заменик-министер за образование и наука, и **Вели Креци**, редовен професор на Факултетот за општествени науки и извршен директор на Институтот „Макс ван дер Штул". Атанасов повика на итни реформи во образованието и науката, додека според Вели Креци, РСМ мора да ги следи европските образовни стандарди и да ги усогласи своите образовни политики за да не заостане во глобалните процеси на образованието и науката.

И грантистите посветени на родовата еднаквост и социјална инклузија споделија важни информации. Хелсиншкиот комитет за човекови права објави **инфографик од спроведениот мониторинг на постапувањето на Комисијата за заштита и спречување од дискриминација**, со фокус на дискриминацијата на жените од маргинализирани заедници. Од 1 јули до 30 септември 2024 година, поднесени се 107 претставки, од кои 42 се од жени. Од нив, во 4 случаи Комисијата утврдила дискриминација. Мониторинг е дел од проектот „Еднаквост сега – Зајакнување на маргинализираните заедници за социјална инклузија и недискриминација", што го спроведува ХКЧП во партнерство со ХОПС и Коалиција Маргини.

Прочитајте го целиот Граѓански импулс на следниов **линк**.

# И по 168 години, не престанува борбата на текстилните работнички за подобри услови за работа




Кога жените вработени во индустријата за облека и текстил јавно демонстрирале во 1857 година во Њујорк за подобри работни услови и плати започнале всушност серија протести чии барања низ годините се прошириле и на демократското право на глас на жените, барањето за еднакви права со мажите, за вршење јавна функција итн.

Промените што се случиле до денес се неспорни, но борбата е сè уште е актуелна. Во Македонија, работата на жените во текстилната индустрија останува неизвесна и предизвикувачка. На оваа тема, а по повод Меѓународниот ден на жената, 8 Март, разговаравме со Кристина Ампева, претседателка на здружението „Гласен текстилец“, кое активно се бори за правата на текстилните работнички во Македонија, особено во Источниот регион.

Зборувајќи за почетоците, Ампева се сеќава на 2016 година кога, како што вели, „ние неколку работнички кои бевме дел од овој сектор, јавно проговоривме за се она што се случуваше зад тие врати од конфекциските погони. За мобингот, за дискриминацијата, за небезбедните и нечовечки услови, во погони во кои немаше ни греење во зима, ни ладење во лето. Или како што можат моите постари колешки да објаснат, до тогаш беше, од 6 до 6 за 6. Или работа од 6 до 18 часот за 6000 денари, бидејќи во тој период текстилните работници земаа плата под минималната загарантирана плата“. На промена на ваквата состојба работело здружението. „Од тогашната плата од 8000 денари за овие години на работа на здружението , стигнавме до 24.000 денари. Или слободно можам да кажам, она за кое молчеа синдикалците од осамостојувањето на државата, ние како активисти гласно го зборувавме и се изборивме“. Таа потсетува и на недостатокот на соработка со инспекцијата и стравот да се пријават неправилностите. „Со многу работа и објаснување на состојбите, направивме партнери од таа институција која работи согласно целта за која постои, заштита на работничките права. Бевме и иницијатори на недела да биде неработен ден па сега секторите каде претежно се вработени жени, имаат еден ден одмор во неделата што порано не беше случај“, вели претседателката на „Гласен текстилец“.

За жал, според Ампева, здравствената криза во 2020 година ја истакнала ранливоста на економијата особено во текстилниот сектор. Недостатокот на јасна визија и инвестиции во секторот, го довела на прагот на изумирање, иако има огромен потенцијал. „Ова е гранка од која зависат околу 30.000 работници, претежно жени. Жените во овој регион, Источниот, ја носат економијата на своите плеќи, и за разлика од другите плански региони, ќе забележите дека тука имаме најголема вработеност на жените и нивна вклученост на пазарот на трудот.

Прочитајте ја целата приказна на следниов **линк**.

# Граѓанска солидарност за Кочани

Деновиве сме соочени со една од најголемите трагедии што го погодила нашето општество. Како луѓе и граѓански активисти, чувствуваме силна потреба и одговорност да понудиме поддршка и да се солидализираме со сите оние кои се директно погодени од трагичниот настан во Кочани.

Дел од граѓанските организации и грантисти на Цивика мобилитас, веќе понудија или се вклучени во поддршката на жртвите, на семејствата и на сите останати. Со оваа објава, сакаме да ги направиме тие информации подостапни за сите оние кои имаат потреба.

Подолу се информации за поддршката која ја нудат организациите:

- Тимот на **Првиот семеен центар (ПСЦ)**, ХЕРА нуди **бесплатно психолошко советување** за сите засегнати од трагедијата во Кочани. За поддршка, можете да се јавите на телефонскиот број 070 249 596.
- **Здружението „Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари“** нуди психолошка поддршка за родителите на децата кои беа погодени од трагедијата. Контакт: 070 385 831.
- **Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености – Велес** стои на располагање за поддршка на семејствата преку психолошка помош од психотерапевт Д-р Вангелица Гаврилова.
- **КРИК** ги отвара вратите од нивното психолошко советувалиште во Мултифункционалниот центар и нуди бесплатна психолошка помош за семејствата засегнати од стравичната несреќа. Телефон за контакт: 078 370 987.

- **Хелсиншкиот комитет за човекови права (ХКЧП)** нуди правна помош и поддршка за семејствата на настраданите кои можат да се обратат на телефонскиот број 02/3119 073. ХКЧП нагласува дека ќе ја следи истрагата и постапувањето на надлежните институции

Ја споделуваме со Вас солидарноста што во овие мигови ја покажуваат и дел од граѓанските организации, поранешни корисници на грантови на Цивика мобилитас.

**Конект** започна кампања за собирање средства за семејствата на настраданите и засегнатите од пожарот во Кочани. Средствата ќе се користат за итни потреби (лекување, правна помош, патување итн.), психо-социјална поддршка, како и справување со последиците. До сега, од поставената **кампања на интернет платформата за групно донирање Оп-оп**, се собрани 135.800 денари од граѓани. Се повикуваат сите заинтересирани граѓани, бизниси и субјекти да донираат преку **Оп-оп** или да се обратат на тел. 02/ 3224 198 или на konekt@konekt.org.mk.

**Фондацијата ИКРАУД** формира Донаторски фонд за финансиска помош на семејствата на починатите и повредените. Сите собрани средства ќе бидат распределени подеднакво на сите пријавени семејства. Кампањата е отворена до крајот на месецов, а веќе се собрани повеќе од 2.000.000 денари. Фондацијата ги става сите канали за собирање на донации на располагање на фондот, вклучувајќи ги и **телефонските броеви**.

Првата детска амбасада во светот **МЕЃАШИ** и нејзиниот тим на психолози и стручни лица се на располагање за директни средби или телефонски консултации. За контакт: 070 390 632. Освен АЛОБУШАВКО (070 390 632), активни се шест телефони за психолошка прва помош во рамки на 24 часа.

**Македонија 2025** ја заапочна кампањата за донации "**Hope for Kočani – Support the Families**" за да им помогне на оние што се погодени. Сите средства ќе бидат директно префрлени на Црвениот крст на град Скопје, обезбедувајќи итна помош за медицински трошоци, трошоци за погреб и емоционална поддршка.

Колективната солидарност е клучна за помош и за ублажување на болката на семејствата погодени од трагедијата. Секој мал гест на поддршка има огромно значење, без разлика дали се работи за донирање, волонтирање или за психолошка и правна помош.

# Доверба во граѓанското општество – ставови на граѓаните

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) спроведе редовно истражување за довербата во граѓанското општество. Во 2024 година, индексот на доверба во граѓанскиот сектор достигна 42,9%, што претставува пад од 8,2 процентни поени во однос на 2021 година. Довербата во граѓанските организации изнесува 38,4%, при што се забележува значителна разлика помеѓу различни групи. Највисока доверба се забележува кај младите луѓе на возраст од 18 до 29 години (51,8%) и кај етничките Албанци (45,6%), додека најниска доверба имаат лицата над 65 години (18,6%) и жителите на Скопскиот регион (25,2%). Највисокото ниво на доверба во општеството го уживаат црквите и верските заедници (70,8%), додека довербата во други чинители на граѓанското општество варира, од 41,7% во неформалните групи до 30,0% во организациите на работодавачи.

Истражувањето покажува дека испитаниците имаат поделени ставови во однос на улогата на граѓанските организации. Секој четврти испитаник (25,1%) ги гледа организациите како чинители што работат за јавен интерес, додека 60,4% сметаат дека тие дејствуваат за остварување на лични интереси на поединци. Дополнително, 58,3% од испитаниците веруваат дека граѓанските организации се организирани и финансирани од странски држави и нивни фондации со цел да им служат на странските интереси, додека 24,2% мислат дека се формирани за остварување на заедничко општо добро. Перцепцијата за односот помеѓу политичките партии и граѓанските организации е претежно критичка. 49,5% од испитаниците сметаат дека партиите ги присвојуваат ставовите на организациите кога им одговара, додека 33,4% веруваат дека партиите основаат организации што ги користат како свои гласноговорници.

Во однос на нивниот придонес во општеството, најголем процент од граѓаните сметаат дека граѓанските организации имаат улога во креирањето на јавните политики (45,1%) и општественото влијание (44,8%). Меѓутоа, мнозинството не ја препознава активната улога на граѓанските организации во информирањето, едукацијата, обезбедувањето услуги, или задоволување на итни општествени потреби. Довербата во граѓанските организации варира и по тематски области. Највисока доверба имаат оние што се активни во областа на жените и родовата еднаквост (46,5%), социјалната грижа (44,1%) и образованието (43,0%), додека најниска доверба е забележана кај организациите што работат на демократијата и владеењето на правото (27,2%) и меѓуетничките односи (29,3%). Во споредба со 2021 година, довербата во сите области е намалена, при што најголем пад се бележи во областа на демократијата и владеењето на правото, каде што довербата опаднала од 48,1% на 27,2%.

Кон истражувањето: **Доверба во граѓанското општество 2024**



# ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОМЕНА

Главен и одговорен уредник: Гонце Јаковлеска

Уредник: Каролина Ѓурковска

Адреса на редакцијата:
ул. Никола Парапунов бр. 41а, поштенски фах 55, 1060 Скопје

Телефон: ++ 389 (0)2 3065 381

Е-маил: helpdesk@civicamobilitas.mk

CIVICA MOBILITAS

„Граѓаните за промена“ го издава програмата Цивика мобилитас проект на Швајцарската амбасада кој го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска.

Прилозите објавени во ова списание ги изразуваат погледите на авторите и/или организациите кои придонесуваат кон списанието, но не оние на Амбасадата на Швајцарија или оние на организациите спроведувачи: МЦМС, НИРАС или ФЦГ.

www.civicamobilitas.mk